## Упатства за пријавување за учество во квизот „Најслабата алка“

Секој кој сака да биде натпреварувач во „Најслаба алка“, а ги исполнува одредбиде од  Општите правила и процедури, може да се пријави преку телефон на обична фиксна телефонска линија во Алфа ТВ на бројот 2600 370 или преку интернет со пополнување на пријава поставена на веб страницата на Алфа ТВ (alfa.mk).

Бројот за пријавување за учество во „Најслаба алка“, е отворен од понеделник до петок од 13 до 16 часот.

Пријавувањето преку интернет е можно секој ден.

**Постапката за пријавување во првиот круг е следна:**

- Повикај го бројот 2600 370 на нашиот оператор оставете му ги вашите основни податоци: име и презиме, број на телефон за контакт, место на живееење и година на раѓање.

- Доколку се пријавувате преку интернет, кога ќе кликнете на банерот за пријавување на веб сраницата на Алфа ТВ (alfa.mk) ќе ви се отвори формулар за пријавување. Во предвидените полиња за тоа внесете ги вашите основни податоци: име и презиме, број на телефон за контакт, место на живееење и година на раѓање.

- Можеш да се пријавуваш колку пати сакаш. Со тоа ги зголемуваш шансите за избор во некоја од емисиите.

- Изборот на потенцијалните учесници кои ќе бидат повикани на интервју го прави Комисијатата за избор и за регуларно одвивање на квизот „Најслаба алка “.

- Комисијата ја избира и со својата одлука ја определува организаторот на квизот

**Опис на вториот круг:**

Врз основа пријавите преку телефон и преку интернет, Комисијата за селекција избира 30 кандидати за интервју во вториот од пријавувањето.

Изборот на кончните 8 натпреварувачи (плус две резерви) за секоја емисија, се прави по пат на интервју и по пат на тест прашања.

Комисијата, освен резултатите, води сметка и за избалансираноста на составот на натпреварувачите во однос на полот.

Оперативниот тим на квизот „Најслаба алка“ потоа ги известува избраните кандидати и двете резерви кога треба да дојдат на снимањето на емисијата.

Организаторот на квизот „Најслаба алка“ НЕ ги надоместува трошоците за патување и престој на натпреварувачите.

Сите избрани натпреварувачи и резервите треба да бидат во точно определеното време во Алфа телевизија и со лична карта го докажуваат својот идентитет.

Доколку се утврди дека некој од натпреварувачите дал погрешни податоци во прелиминарниот дел на селекцијата, Комисијата веднаш го елиминира и на негово место ја става првата резерва.

Сите избрани натпреварувачи и резервите се должни пред почетокот на снимањето на „Најслаба алка“ да потпишат писмени изјави кои претходно ќе им бидат ставени на увид. Попишаните изјави потврдуваат дека натпреварувачите се целосно запознаени и дека ги прифаќаат правилата и процедурите на квизот „Најслаба алка“.

Доколку некој од натпреварувачите одбие да ја потпише изјавата, Комисијата има право да го елиминира и на негово место да го повика резервниот кандидат.

Комисијата има правода елиминира и натпреварувачи кои се однесуваат недолично пред и за време на снимањето на емисијата.

Во сите ситуации во текот на селекцијата, подготовките и за време на снимањњето на квизот „Најслаба алка“, одлуките на Комисијата за селекција и организација на квизот се мериторни и конечни.